5654


**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS

BEOGRAD – Knez Mihailova 2/X – Pošt. fah 842

Tel. 621-578 – Žiro račun – Current Account 608-1-251-1

SLUŽBA DOKUMETACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

MLADI BORAC - Skoplje

21. III. 1968


# АНА ТЕМКОВА: Ентериерите — моја преокупација

КАКО СЛИКАР Ана Темкова во себе чувствува еден свет, свет на пластика кој не се врти во круг, туку го претставува зачетокот во ентериерното сликање кое понекогаш е импресија од делото на природата. Иако такви навидум темни, сликите зрачат питомина и тоа ја прави онаа топлина што секое искусно око може да ја долови.

Почетокот на нејзината сликарска работа не е особено интересен. Дотолку повеќе што Темкова не случајно го одбрала сегашниот позив. Таа уште од помала возраст го задржувала вниманието на слободните детски играчки кои биле доминантни и за време на академскиот живот во Белград. Па оттаму тие предмети наоѓаат одраз и на платното. Таа универзално гледа на реалниот свет, свет ослободен од стегите на своите граници. Светот на Темкова виден низ нејзиното око, не е статичен. Тој наоѓа одраз во четката на Ана Темкова и со право може да се рече дека нејзината работа претставува вистинска слобода кон формирањето на ликовното дело.

Темкова е млада и надежна. Младоста не ѝ пречи цел ден да мине во ателјето. Тоа не знае да излезе надвор, да залута во живописниот пејсаж. Не сакајќи заронила во длабочините на пантеистиката, длабоко доживеана во својата душа, но никогаш не се изгубила во неа: се вратила со грст благодет во сликарството. Пејсажите на платното недвосмислено укажуваат на тоа. Но не ѝ е таа единствена содржина. Ана има повеќе преокупации:

— Ме интересира мртвата природа која во себе содржи многу предмети — аранжирани на мој, своевиден начин, ни рече Ана. Дали тие постојат како такви или се расфрлени во просторот ?Тоа е прашање на кое навистина тешко се наоѓа одговорот. Покрај тоа младата уметница ја привлекуваат стари средновековни филиграни од кои знае да се одушеви. Затоа не е ни чудно што нејзиното сликање е носталгија кон средновековното наследство, видено низ сопствено око.

Сликите на Ана Темкова се интимистички. Тие содржат нешто чисто експресивно во колоритот. Се интересиравме што најрадо слика. Ана не се двоумеше:

Од околу седумдесетина слики во масло, 15 се портрети, ни рече таа. Добар дел од нив,— дваесетина, се мртва природа, а четириесет претставуваат ентериери. Инспирирана од старата архитектура на московските цркви, една година работела на мозаик кој потоа го дела како поклон на Македонската православна црква по нејзината афтокефалност.

Ова млада академска сликарка излагала свои дела на тринаесет групни изложби. Меѓу нив позначајни се оние на изложбата на Југословенска уметност на Блискиот Исток 1967/68, Октомвриски салон 1966 Белград, Современо македонско сликарство — Млада генерација 1967 Скопје и Нови Сад, Трето југословенско триенале на ликовните уметности 1967 Белград, Југословенски портрет — Тузла 1967 и други. Нејзини дела сега се наоѓаат во Штип на заедничка изложба со Илинка Глигорова. Темкова е добитник на Сојузната младинска награда за сликарство 1966 во Белград и откупна награда на изложбата на Југословенскиот портрет 1967 во Тузла.

**К. СМИЧЕСКИ**